# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ :

Судијата Н.Н. има проблем со алкохолот.

Неговата канцеларија се наоѓа покрај вашата и Вие приметувате дека скоро секој понеделник доаѓа мамурен на работа. Понекогаш се случува воопшто и да не дојде па другите судии се приморани да ги одлагаат неговите судења. Сите судии се жалат од него бидејќи не го завршува својот дел од работата па приморани се тие да ја вршат неговата работа.
Една вечер одејќи во продавница го гледате судијата Н.Н. како разговара со група тинејџери. Слушате дека тој се лути и вика на тинејџерите. Кога едно од младите деца сака да замине, судијата го зграпчува за рамото ,го врти спрема себе и го удира силно во носот.

Доаѓа полициска кола .

Другите деца бегаат .

Вие сте доволно блиску и го слушате судијата како му кажува на полицаецот дека тој е судија, дека момчето му се заканувало, а тој морал да се брани. Приметувате дека судијата е повторно пијан.
Објаснувате на полицаецот што сте виделе. Полицаецот запишал се.

Подоцна слушате од судијата дека платил на семејството на момчето 50 000ден. за да не поднесат кривична пријава против него.

ДИЛЕМИ :

1.Судијата Ве замолува на никого да не му кажете за инцидентот?
2.Дали треба да им кажете на другите судии што сте виделе?
4.Дали би превземале нешто доколку Вие сте претседател на судот и што е тоа?